# ИЗВЕСТУВАЊЕ
# ЗА ПОЛАГАЊЕ СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ВОСПИТУВАЧ ВО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ СО УЧЕНИЧКИ ДОМ

Државниот испитен центар согласно член 61 став (4) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), организира стручен испит за воспитувачите во средно училиште со ученички дом кои по истекот на приправничкиот стаж се должни да го полагаат испитот.

Полагањето на стручниот испит ќе го реализира во текот на месец мај 2026 година.

Приправниците во училиштата кои го завршиле приправничкиот стаж и ги исполнуваат условите за полагање на стручниот испит доставуваат **Пријава за полагање на стручен испит** со следната документација:

| Р. бр. | |
|---|---|
| 1. | Уверение за завршен приправнички стаж во училиште во траење од една година во кое ќе биде наведен рокот во кој се одвивал приправничкиот стаж– заверено со архивскиот број на средното училиште со ученички дом во кое се одвивал приправничкиот стаж. |
| 2. | Мислење од менторот за работата на приправникот во текот на реализацијата на приправничкиот стаж– заверено со архивскиот број на средното училиште со ученички дом во кое се одвивал приправничкиот стаж. |
| 3. | Мислење од највисокиот стручен орган на училиштето во кое е вработен приправникот за неговата воспитно-образовна работа во текот на приправничкиот стаж– заверено со архивскиот број на средното училиште во кое се одвивал приправничкиот стаж. |
| 4. | Извештај од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија за остварен работен стаж во училиште во траење од една календарска година. |
| 5. | Копија од диплома или уверение за завршено соодветно образование (заверена на нотар). |
| 6. | Копија од уверение за педагошко-психолошка и методска подготовка здобиено на акредитирана високообразовна установа, односно копија од уверение за дефектолошка, педагошко-психолошка и методска подготовка здобиено на акредитирана високообразовна установа–за приправници на кои им е потребна наведената подготовка согласно Правилникот за норматив за воспитувач во средно училиште со ученички дом бр. 18-12957/2 од 10.10.2025 година (заверена на нотар). |

| | |
|---|---|
| 7. | Домашна писмена работа во два примероци, од кои еден примерок на македонски јазик и неговото кирилско писмо и еден примерок на јазикот и писмото на кој приправникот ја изведува наставата.<br>Подрачјата и темите за домашната писмена работа се дадени во Програмата за полагање на стручниот испит на воспитувач во средно училиште со ученички дом („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 220/25).<br>Избраната тема за изработка на домашната писмена работа, приправникот треба да ја истражи и разработи од аспект на нејзината практична применливост во непосредната воспитно-образовна работа на приправникот. Стручниот материјал треба да биде во вид на ЕСЕЈ за избраниот проблем – тема во обем од осум до десет страници. |
| 8. | Примерок од уплатницата за уплатените средства за полагање на стручниот испит (уплатница во оригинал). |

Кандидатите ЗАДОЛЖИТЕЛНО документацијата да ја достават заедно со ПРИЈАВА пополнета со точни податоци (име, татково име, презиме, телефон, точна мејл адреса и други податоци).
Пријавата со комплетната документација се доставува <u>ИСКЛУЧИВО ПО ПОШТА</u> до **Државниот испитен центар** со адреса: ул. „Васил Ѓоргов“ б.б.,1000 Скопје, испратена најдоцна до <u>**14.04.2026 година (вторник).**</u>

Кандидатите за полагање стручен испит уплаќаат средства во висина од ***1.600,00 (илјада и шестотини) денари*** на уплатница пополнета на следниот начин:
**Цел на дознака:** Уплата за стручен испит на приправници-воспитувачи во средни училишта со ученички домови – <u>**пролетен испитен рок 2026 година;**</u>
**Назив на примач:** Буџет на Република Северна Македонија;
**Банка на примач:** Народна банка на Република Северна Македонија;
**Трансакциска сметка:**100000000063095;
**Сметка на буџетски корисник:** 1600261506 787 16;
**Приходна шифра:** 723013;
**Програма:** 30.

Ненавремено доставената документација нема да се разгледува и ќе биде вратена.

НАПОМЕНА: Прашањата за проверка на општите знаења во врска со законско-нормативната регулатива и организацијата на дејноста ќе бидат од актуелните законски прописи од областа на организацијата на воспитно-образовната дејност во јавните ученички домови, Законот за средно образование и Законот за ученички стандард.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

# НАСОКИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОМАШНА ПИСМЕНА РАБОТА ЗА ПРИПРАВНИЧКИ ИСПИТ

Домашната писмена работа која ќе ја избере приправникот треба да биде јасно дефиниран и конкретен проблем - тема, која е дел од содржината на Програмата за полагање на стручниот испит за воспитувач во средно училиште со ученички дом („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 220/25).

Избраниот проблем кој приправникот ќе го проучува, анализира, истражува и разработува од аспект на неговата практична применливост во непосредната воспитно-образовна односно наставна работа во потесното стручно подрачје на приправникот, треба да биде прикажан во писмена форма. Стручниот материјал треба да биде во вид на **ЕСЕЈ** за избраниот проблем - тема, со презентирани **критички ставови, оценки и сопствени стручни гледања поврзани со непосредната практика**.

Со домашната писмена работа треба да се покаже познавање на проблемот, способност да се анализира и истражува проблемот по пат на примена на соодветни методи и техники на истражување, способност да се анализираат и интерпретираат добиените резултати и да се применуваат истите во функција на унапредување на воспитно-образовната дејност.

Во есејот треба да дојде до израз **личниот став на авторот**, сопствениот стил на изложување, заклучување и донесување на сопствен суд со аргументирано образложување.

Есејот треба да содржи:

• **Вовед** (опфаќа 10-20% од текстот во кој кажувате за што ќе пишувате, на кои извори ќе се повикате и ја формулирате изјавата за тезата - централниот аргумент што ќе го наведете. Исто така, треба да се даде сопствена кратка изјава за тоа што се надевате дека ќе покажете со есејот.)

• **Тело на есејот** (содржи 60-80% од есејот. Тука ги изложувате и ги докажувате резултатите на вашите истражувања. Телото треба да е составено од пасуси во кои се изложува тезата, се наведуваат образложенија и соодветни примери, се докажува со докази и треба да се наведе како сте дошле до доказите. Секој пасус треба да биде центриран околу само еден аргумент или идеја. Целта на секој пасус се воведува со употреба на тематски реченици. Тематската реченица формира премин од претходниот пасус и го воведува аргументот што треба да се изнесе во овој пасус. Преодните зборови може да се користат за да се создадат јасни врски помеѓу речениците.)

• **Заклучок** (зазема не повеќе од 10-15% од текстот. Тука повторно се навраќате на воведот и извлекувате врски помеѓу точките поставени во телото на есејот, го наведувате целокупниот исход на вашите аргументи и каков нов увид дадовте.)

При изработка на домашната работа треба да се користи фонт Ариел 12, со проред 1,5 а целиот есеј да биде од 8 до 10 страници. На крајот на есејот треба да ставите Референтна листа на изворите кои сте ги користеле при проучување на темата (проблемот).

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР